Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 1**

**18.01.2023**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за издавање на деловен простор под закуп-дел од Дом на култура во с.Слепче, соспветност на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за издавање на деловен простор под закуп-дел од Дом на култура во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 17.01.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-70/1** **Општина Демир Хисар**
**18.01.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 3 став 2 член 36 и член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 43 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.01.2023 година донесе

О Д Л У К А
За издавање на деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар

Член 1
Се издава деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар

Член 2

Деловниот простор за издавање под закуп, се наоѓа во Дом на културата во с.Слепче, на КП бр. 819/1, КО Слепче, и истиот се состои од една просторија со површина од 89м2.

Деловниот простор се издава под закуп на Марија Ристевска од Битола, со адреса на живеење на улица Караорман бр. 91, 7000 Битола, и истата се задолжува да регистрира фирма со седиште во општина Демир Хисар во рок од 30 (триесет) дена од денот на донесувањето на оваа одлука.

Договорот за закуп ќе се склучи со фирмата во времетраење од 2 (две) години од склучување на договорот за закуп.

Член 3

Деловниот простор се издава под закуп по месечна закупнина во износ од 9.904,00 денари, определена од овластен проценител согласно Законот за процена.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-57/2 Совет на општина Демир Хисар
17.01.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за издавање на деловен простор под закуп-дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственот на општината Демир Хисар---------------------------1-2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**